РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.30.31.КУ.003.01

# КОРИСНИЧКО УПАТСТВО
# ЗА НКТС - ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОРИ

Февруари 2014

# Историја на документ

| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 01 | 13.02.2014<br>21. 02. 2014 | Прво издание | / | / |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

# I. Општи одредби

1. Со ова Корисничко упатство се уредува начинот на користење на Новиот Компјутеризиран Транзитен Систем од страна на економските оператори.

# II. Терминологија

2. Термините кои се употребуваат во ова Упатство се:

| | |
|---|---|
| Корисник | Лице кое ја употребува апликацијата како внесувач или читач на податоци и извештаи |
| Екран | Посебна работна околина (прозорец) која служи како место за внесување или преглед на податоци и активирање на команди и процедури. |
| Мени | Изборник сместен на насловниот дел од прозорот од апликацијата од каде што се пристапува до маските за внесување на податоците или до извештаите |
| Опција | Дел од менито преку кој се пристапува до соодветен екран за внесување или преглед на податоци |
| Таб | Графички елемент кој се подредува хоризонтално и служи за промена на страни, односно навигација |
| НКТС | Нов компјутеризиран транзитен систем |
| ТД | Транзитна декларација |
| РБД | Реден број на движење (MRN) |

# III. Основни информации

3. НКТС е web базирано решение кое овозможува поднесување на електронска транзитна декларација од страна на економските оператори односно главните обврзници, нејзино обработување од страна на царинските службеници и размена на пораки помеѓу економските оператори и царинските службеници.

4. За да може економскиот оператор да пристапи кон оваа апликација потребно е истиот да има авторизирано корисничко име и лозинка издадена од страна на Царинска управа, согласно Упатството за електронска комуникација на економските оператори со информатичко – комуникацискиот систем на Царинската управа.

5. Пристапот до НКТС е овозможен преку следнава адреса: http://146.255.89.54:8787/apex/f?p=110011, при што се отвора основниот екран на системот. (Слика 1).




Слика 1

6. Од основниот екран економските оператори можат да ги користат следните модули/функционалности, во зависност од улогата:
   - Економски оператор на поаѓање
   - Економски оператор на одредиште
   - ТИР на поаѓање
   - Пребарување на гаранција
   - Одобренија.

## IV. Економски оператор на поаѓање

### IV.1 Најавување во системот

7. За да се работи со апликацијата како економски оператор на поаѓање се избира опцијата „економски оператор на поаѓање" која се наоѓа во десниот дел на екранот. Се појавува формата за најава прикажана на (Слика 2) .




Слика 2

8. Во полето „Корисничко име" и „Лозинка", се внесува авторизираното име на економскиот оператор и лозинката добиена од страна на Царинска управа за пристапување кон НКТС. Во случај на поедноставена постапка на овластен испраќач, во полето „Поедноставена постапка" во формата на најава прикажана на Слика 2, се избира опцијата „Да". Потоа се избира опцијата „Најава" при што се прави валидација на податоците и се отвора основниот екран на економскиот оператор со податоци за декларации поднесени од лицето кое се најувува во системот (Слика 3).




Слика 3

9. Операциите во модулот економски оператор на поаѓање вклучуваат опции за:
   - Креирање на транзитна декларација;
   - Зачувување на транзитна декларација;
   - Испраќање (поднесување со РБД);
   - Испраќање (барање за РБД), се користи со безбедносен сет на податоци;
   - Креирање и испраќање барања за откажување на транзитна декларација;
   - Креирање и испраќање на измени на транзитна декларација;
   - Поглед на транзитни декларации;
   - Преглед на историјат на процес на обработка на декларација.

## IV.2 Креирање на транзитна декларација

10. Корисникот има три начини за креирање и зачувување на нова ТД:
    - Со креирање нов документ (Слика 4, точка 1),
    - Со копирање (клонирање) постоечки транзитен документ (Слика 4, точка 2) и
    - Со вчитување на XML порака (Слика 4, точка 3).




Слика 4

11. Со избирање на една од горенаведените можности за креирање се отвора екран за пополнување на ТД. Овој екран ги содржи сите рубрики кои треба да бидат пополнети за поднесување на ТД (Слика 5).




Слика 5.а



Слика 5.б

12. Податоците за наименуванијата се пополнуваат во посебни екрани преку соодветните рубрики. На Слика 6.а е прикажан екранот за креирање на ново наименување каде што со избирање на Точка 1 од Слика 6.а се отвора екранот прикажан на Слика 6.б каде се пополнуваат податоци за наименуванието.




Слика 6.а



Слика 6.б

13. Податоците за гаранцијата исто така се пополнуваат во посебни екрани преку соодветната рубрика. На Слика 7 е прикажан екранот за пополнување податоци за гаранција.




Слика 7

14. Откако ќе се пополнат потребните податоци во ТД корисникот има две можности:
    - Зачувај (зачувување на транзитната декларација) и
    - Поднеси (испраќање на транзитната декларација).

15. Доколку декларацијата е неправилно пополнета (податоците не се во согласност со правилникот за пополнување на ЕЦД). апликацијата јавува грешка и нема да дозволи продолжување со натамошни акции како што е прикажано на Слика 8.




Слика 8

16. Ако декларацијата не се поднесува веднаш, се одбира опцијата „Сочувај", со која декларацијата е локално сочувана и може на неа да се вршат натамошни измени.

17. За поднесување на декларацијата до појдовната испостава, се избира опцијата „Поднеси". Статусот на транзитната декларација е „Прифатена", како што е прикажано на Слика 9.




Слика 9

## IV.3 Обработување на транзитна декларација во статус „Прифатена"

18. Кога декларацијата е во статус „Прифатена" (има РБД), економскиот оператор може да ги превземе следните акции:
    - Поднесување на барање за понуштување на декларација,
    - Поднесување на измени на декларација,
    - Клонирање на декларација,
    - Да направи поглед на декларација и
    - Да направи поглед на историја на декларацијата.




Слика 10

19. Во случај на поедноставена постапка на овластен испраќач, во статусот „Прифатена", започнува да тече временски рок (тајмер) за пуштање на стока во транзитна постапка, односно за евентуална контрола од појдовната испостава.

## IV.3.1 Креирање и испраќање на барање за поништување на транзитна декларација

20. Со избирање на опцијата „Поништи“, се отвара екранот на декларацијата, во табот поништување (Слика 11) се наведува причината за истата, по што се враќа на екранот на декларацијата и се избира опцијата „Поништи“. Статусот на декларацијата останува непроменет се до одлуката на појдовната царинска испостава за прифаќање на барањето за поништување на декларацијата.




Слика 11

21. По добивање на известување од појдовната испостава за одлуката дека барањето за откажување е прифатено, статусот на транзитната декларација е откажана што се гледа во табот последни известувања (Слика 12).




Слика 12

22. Во спротивно, ако барањето за поништување е одбиено од појдовната испостава, статусот на декларацијата останува ист, односно прифатена.

## IV.3.2 Поднесување на измени на декларација

23. Економскиот оператор може да ја измени декларацијата која веќе била испратена кај појдовната испостава. Тоа се прави со избирање на опцијата „Измени“. Економскиот оператор може да бара измена на еден или повеќе податоци во транзитната декларација. На Слика 13 се обележани рубриките кои можат да се менуваат. Статусот на декларацијата останува ист.




Слика 13

### IV.3.3 Поглед на декларација

24. Со избирање на акцијата „Поглед“ корисникот може да ги види податоците за декларацијата при тоа без да биде во можност да превзема било какви акции за обработка или менување.

### IV.3.4 Поглед на историја на декларација

25. Опцијата „Разгледај историја“ се користи во случаи кога корисникот сака да го види текот на акциите и настаните кои се дадени хронолошки, а се поврзани со избраната декларација(Слика 14).




Слика 14

## IV.4 Статус на ТД доколку царинскиот службеник донесе одлука за контрола

26. Доколку појдовната испостава донесе одлука за преглед на стоката само во случај на нормална постапка, статусот на декларацијата е „Постапка за контрола“ во случај на редовна постапка, како што е прикажано на Слика 15. Во случај на поедноставена постапка овластениот испрќач не може да ја пушти стоката во транзитна постапка иако истекол временскиот рок.




Слика 15

### IV.4.1 Обработување на транзитна декларација во статус „Постапка за контрола“

27. Кога декларацијата е во статус „Постапка за контрола“ економскиот оператор може да ги превземе следните акции:
   - Клонирање на декларација,
   - Да направи поглед на декларација и
   - Да направи поглед на историја на декларацијата.

#### IV.4.1.1 Клонирање на декларација

28. Види глава IV.2 од ова упатство.

#### IV.4.1.2 Поглед на декларација

29. Види глава IV.3.3 од ова упатство.

### IV.4.1.3 Поглед на историја на декларација

30. Види глава IV.3.4 од ова упатство.

## IV.5 Статус на ТД доколку износот на гаранцијата не е доволен

31. После проверката на гаранцијата, доколку истата не е доволна да го покрие евентуалниот царински долг кој може да настане, статусот на декларацијата се менува во „Измени на гаранција“ (Слика 16).




Слика 16

### IV.5.1 Обработување на транзитна декларација во статус „Измени на гаранција“

32. Кога декларацијата е во статус „Измени на гаранција“ економскиот оператор може да ги превземе следните акции:
   - Поднесување на барање за поништување на декларација,
   - Поднесување на измени на гаранција,
   - Клонирање на декларација,
   - Да направи поглед на декларација и
   - Да направи поглед на историја на декларацијата.




Слика 17

### IV.5.1.1 Поднесување на измени на гаранција

33. Измената на гаранцијата се врши со избирање на рубрика 52 (Слика 18) по што се отвара екран за податоци за вид, број и висина на задолжување на гаранцијата. После извршената измена, се избира копчето за зачувување на измените, се враќа кон екранот на декларацијата и се избира „измени гаранција“. Статусот на декларацијата се менува во „гаранцијата се регистрира“ (Слика 19)




Слика 18




Слика 19

## IV.5.1.2 Креирање и испраќање на барање за понуштување на транзитна декларација

34. Види глава IV.3.1 од ова упатство.

## IV.5.1.3 Клонирање на декларација

35. Види глава IV.2 од ова упатство.

## IV.5.1.4 Поглед на декларација

36. Види глава IV.3.3 од ова упатство.

## IV.5.1.5 Поглед на историја на декларација

37. Види глава IV.3.4 од ова упатство

## IV.6 Статус на ТД кога царинскиот службеник успешно ја регистрира гаранцијата

38. После проверката на гаранцијата, доколку истата е доволна да го покрие евентуалниот царински долг кој може да настане, гаранцијата успешно се регистрира и статусот на декларацијата се менува во „Гаранцијата е регистрирана“ (Слика 20).




Слика 20

## IV.6.1 Обработување на транзитна декларација во статус „Гаранцијата е регистрирана“

39. Кога декларацијата е во статус „Гаранцијата е регистрирана“ економскиот оператор може да ги превземе следните акции:
    - Поднесување на барање за понуштување на декларација,
    - Клонирање на декларација,
    - Да направи поглед на декларација и
    - Да направи поглед на историја на декларацијата.




Слика 21

40. Со успешно регистрирање на гаранцијата од страна на појдовната испостава стоката се пушта во транзитна постапка и декларацијата има статус „Ослободена“ (Слика 22).




Слика 22

### IV.6.1.1 Клонирање на декларација

41. Види глава IV.2 од ова упатство.

### IV.6.1.2 Поглед на декларација

42. Види глава IV.3.3 од ова упатство.

### IV.6.1.3 Поглед на историја на декларација

43. Види глава IV.3.4 од ова упатство

## V. Економски оператор на одредиште

### V.1 Најава во системот

44. За да се работи со апликацијата како економски оператор на одредиште се избира опцијата „економски оператор на одредиште“. Се појавува формата за најава прикажана на Слика 23.




Слика 23

45. Во полето „Корисничко име“ се внесува авторизираното име, а во полето „Лозинка“, лозинката добиена од страна на Царинска управа за пристапување кон НКТС. После пополнувањето на овие полиња се избира опцијата „Најава“ при што се прави автентикација и доколку податоците се во ред се отвора основниот екран на економски оператор на одредиште прикажан на Слика 24.




Слика 24

46. Операциите во модулот економски оператор на одредиште вклучуваат опции за:
   - Креирање на известување за пристигнување
   - Внесување на настани при транспорт(доколку имало)
   - Внесување на забелешки од истовар (поедноставена)
   - Поглед  на транзитни декларации
   - Преглед на историја на процесот на обработка на декларација

## V.2 Креирање на известување за пристигнување

47. Кога стоката ќе пристигне на одредишната испостава, економскиот оператор ја избира опцијата „Известување за пристигнување" (Слика 25), после што се отвара екран каде се внесуваат податоците за известувањето (Слика 25), се сочувуваат податоците и автоматски се испраќа известувањето до одредишната испостава.




Слика 25




Слика 26

48. На екранот прикажан на Слика 26 во полето „Индикатор за поедноставена постапка" се избира опцијата „НЕ" доколку се работи за редовна постапка, или „ДА" доколку се работи за поедноставена постапка (овластен испраќач).

49. После испраќање на известувањето, доколку сите податоци се точни, статусот на декларацијата се менува во „Пристигнувањето е прифатено" (Слика 27).




Слика 27

## V.3 Обработување на транзитна декларација во статус „Пристигнувањето е прифатено“

50. Кога декларацијата е во статус „пристигнувањето е прифатено“ економскиот оператор може да ги превземе следните акции:
    - Да направи поглед на декларација и
    - Да направи поглед на историја на декларацијата.




Слика 28

51. Во случај на поедноставена постапка започнува да тече временски рок (тајмер) за добивање на „Дозвола за истовар“ од страна на надлежната одредишна испостава.

### V.3.1 Поглед на декларација

52. Види глава IV.3.3 од ова упатство.

### V.3.2 Поглед на историја на декларација

53. Види глава IV.3.4 од ова упатство

## V.4 Статус на ТД кога царинскиот службеник ја обработил декларацијата во нормална постапка

54. Откако декларацијата е обработена од страна на одредишната испостава, истата го добива својот последен статус „Стоката е ослободена“ (Слика 29).




Слика 29

55. Кога декларацијата е во статус „Стоката е ослободена“ економскиот оператор може да ги превземе следните акции:
    - Да направи поглед на декларација и
    - Да направи поглед на историја на декларацијата.




Слика 30

### V.4.1 Поглед на декларација

56. Види глава IV.3.3 од ова упатство.

## V.4.2 Поглед на историја на декларација

57. Види глава IV.3.4 од ова упатство

## V.5. Статус на ТД во поедноставена постапка

58. Во случај на поедноставена постапка на овластен примач, после истек на рокот, доколку царинскиот орган не донел одлука за контрола, статусот на декларацијата се менува во „Истовар“. прикажано на Слика 31.




Слика 31

59. Кога декларацијата е во статус „Истовар“ економскиот оператор може да ги превземе следните акции:
   - Да внесе забелешки при истовар
   - Да направи поглед на декларација и
   - Да направи поглед на историја на декларацијата.




Слика 32

60. Овластениот примач, делот забелешки од истовар ги пополнува на екранот прикажан на Слика 33. Забелешките може да го пополни на два начина:
   - Нема забалешки и истоварот е завршен или
   - Забелешки (кусок; вишок стока итн.) и истоварот не е завршен




Слика 33

61. Во случај да има забелешки статусот на декларацијата е „Забелешки за истовар“(Слика 34) и се чека контрола на забелешките од страна на одредишната испостава.




Слика 34

62. Ако нема забелешки од истоварот или по извршување на контрола на забелешките, системот автоматски ја ослободува стоката и транзитната

постапка се раздолжува, статусот на декларацијата се менува во „Стоката е ослободена“ (Слика 35).




Слика 35

## VI. Модул за овластувања

63. За да се работи со модулот за авторизација се избира опцијата „Овластувања“ која се наоѓа во десниот дел на основниот екранот. Овој модул служи за креирање на кориснички имиња од страна на економскиот оператор кој има авторизирано корисничко име за работа со овој модул. Се појавува формата за најава прикажана на Слика 36.




Слика 36

64. Во полето „Корисничко име“ се внесува авторизираното име, а во полето „Лозинка“, лозинката добиена од страна на Царинска управа за пристапување и работа со овој модул. По пополнувањето на овие полиња се избира опцијата „Најава“ при што се прави автентикација и доколку податоците се во ред, се отвора основниот екран за овластувања прикажан на Слика 37.



Слика 37

65. Операциите во модулот за овластување вклучуваат опции за:
   - Креирање на застапници
   - Преглед на сите издадени одобренија од страна на Царинската управа.

66. За додавање на нов застапник се избира полето „Додади застапник“ (Слика 38) се отвара нов екран каде се внесуваат податоци за лицето кое ќе поднесува ТД во име на главниот обврзник, се избира креирај при што се отвора екранот за внесување на податоци за новиот застапник прикажан на Слика 39.




Слика 38

67. За ограничување на работата на одреден застапник, авторизираното корисничко име за работа со овој модул на екранот прикажан на Слика 39 во полето „Крај на важност“ го внесува датумот до кога застапникот ќе има можност за поднесување на декларации во системот.




Слика 39

## VII. Завршни одредби

68. Надлежни за спроведување на ова Корисничко упатство се царинските службеници од надлежните Царинарници.

69. Надлежен за предлагање на измени и дополнување на ова Упатство е Секторот за информатичко комуникациска технологија и Работна група за имплементација на програмата „Интероперабилност на Царинската управа со системите на европската унија“.

70. Секторот за управување со човечки ресурси во соработка со Работна група за имплементација на програмата „Интероперабилност на Царинската управа со

системите на европската унија" е должен веднаш по неговото потпишување, ова Упатство да го направи достапно до сите вработени.

71. Се задолжува Секторот за информатичко комуникациска технологија во рок од 5 дена да го објави ова Упатство на интернет и интранет страницата на Царинска управа.

72. Ова Корисничко упатство стапува на сила со денот на негово потпишување.

Директор,
Наташа Радеска Крстевска

21. 02. 2014

Бр. 01 - 009289/14 - 0003
Скопје, 12.02.2014 г.
Изработил: Офелија Бајо
Ботка Гацова
Одобрил: Бобан Станковски
Согласен: Снежана Патирова

| | |
|---|---|
| Корисничко упатство го подготви: | Работна група за имплементација на програмата „Интероперабилност на Царинската управа со системите на европската унија" |
| Приматели: | Директор,<br>Заменик директор,<br>Советници на директорот,<br>Помошници директори на сектори,<br>Началници на независни одделенија<br>Управници на царинарници |
| Примерок доставен за: | Интерна употреба |
| Оригиналот се чува во: | Сектор за управување со човечки ресурси<br>Сектор за информатички и телекомуникациски технологии<br>Архива |